РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРУШЕВО
07 - 748/6
31-10-2005
КРУШЕВО

Врз основа на член 6 став 4, член 16 став 3, член 22 став 2 од Законот за даноците на имот ("Сл.весник на Р.М" бр.61/2004), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 25 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.29/2003), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 24.10. 2005 година, донесе:

# О Д Л У К А

***за висината на стапката на даноците на имот***
***во Општина Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на стапките на даноците на имот, данок на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности, во рамките утврдени во Законот за даноците на имот.

**Член 2**

Стапката на данокот на имот е пропорционалана и изнесува 0,12% од пазарната вредност на недвижниот имот.

Пазарната вредност на недвижниот имот ја утврдува комисија формирана од страна на Советот на Општина Крушево.

Пазарната вредност на недвижниот имот се утврдува врз основа на Методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

Стапката на данокот на имот на земјоделско земјиште кое не се користи за земјоделско производство изнесува 0,36 (може да се зголеми 3-5 пати во однос на стапките пропишани во ставот (1 ) на овој член.

**Член 3**

Стапките на данокот на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува изнесува до 2,50 % за обврзнк од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот изнесува од 4,50 % од пазарната вреднос на недвижниот имот.

**Член 4**

Стапката на данокот на промет на недвижности е пропорционална и изнесува од 3,00 % од пазарната вредност на недвижниот имот во моментот на настанување на обврската.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Совет на Општина Крушево**
**Претседател,**
**Благоја Благадуша**